# И Н Ф О Р М А Ц И Ј А

Амбасадата на Република Македонија во Лондон информира дека, во насока на континуирано следење на состојбите со македонските државјани и со македонските иселеници во Велика Британија, Ирска и Исланд, евиденцијата за државјаните на Република Македонија кои по различни основи престојуваат во Велика Британија, Ирска и Исланд, како и за македонските иселеници во овие земји, редовно се ажурира.

Со цел евидентниот регистер да содржи точни податоци врз основа на кои ќе се утврди бројот на македонски државјани и иселеници во овие земји, Амбасадата упатува покана до сите кои тоа сакаат да го сторат, да ги достават своите податоци за регистрација во евиденцијата за државјани на Република Македонија во странство.

Податоците можат да бидат доставени по пошта, на е-маил или лично, по можност на образецот кој е во прилог на оваа информација.

Амбасадата на Република Македонија во Лондон изразува надеж дека со заемна помош и соработка во наредниот период податоците ќе бидат солидно ажурирани и со тоа ќе бидат овозможени горенаведените цели и активности.

Амбасада на Република Македонија
Лондон